# БИЛТЕН НА КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ

Април 2017 – Јуни 2017 / ИЗДАНИЕ БР. 16

## КРАТКО РЕЗИМЕ

Почитувани колеги, соработници и поддржувачи на Коалицијата Сите за правично судење.

Пред вас е билтен со кој сакаме да ве запознаеме за нашите активности кои беа преземени во изминатите 3 месеци.



Обука на набљудувачи во Битола

## АКТИВНОСТИ КОИ БЕА ПРЕВЗЕМЕНИ ОД СТРАНА НА КОАЛИЦИЈАТА ВО ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

### НОВИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ НА КОАЛИЦИЈАТА

Во април 2017 започна проектот односно акцијата „Правна подготвеност за инспекции во граѓански организации“ во соработка со Македонско здружение на млади правници и Институтот за човекови права а со поддршка од програмата Цивика мобилитас

Проектот е финансиран од програмата Цивика мобилитас а негова главна цел е да се спречат негативните ефекти од инспекциите и да се зајакне довербата меѓу самите граѓански организации за нивното правилно работење како основа за остварување на правото на здружување и изразување и да се зајакне граѓанското општество како институција. За потребите на овој проект до сега беа изготвени водичи за граѓанските организации во врска со поважни прашања кои се од интерес на граѓанските организации а со кои се соочуват организациите во престојниот период. Во наредниот период за потребите на овој проект ќе бидат изготвени Брифови и ќе биде одржан настан во претстојниот период да се презентира работата на Коалицијата заедно со ИЧП и МЗМП.

Во мај започна новиот Проект “Law is written, justice is practiced” во соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје

Коалицијата на граѓански организации „Сите за правично судење“ во соработка и со финансиска поддршка на Мисијата на ОБСЕ во Скопје, а во рамките на проектот “Law is written, justice is practiced” организираше теоретски и практични обуки кои имаа за цел да им овозможат на магистрираните студенти по право и студентите по право кои се запишани во последна година на пост-дипломски студии, поголеми познавања од областа на примената на стандардите за фер и правично судење, со особен осврт на примената на Законот за кривична постапка пред полагање на правосудниот испит.

Практичната обука е предвидена да биде во траење од 2 месеци, во кој период учесниците ќе бидат ангажирани како професионални набљудувачи на Коалицијата и ќе имаат прилика да мониторираат 10 одржани главни расправи, како би можеле да се запознаат со практичната примена на Законот за кривична постапка.

Заедничкото учество на проекти од областа на правосудниот систем и заштитата на човековите права, само ја потврдуваат одличната соработка помеѓу Коалицијата „Сите за Правично Судење“ и Мисијата на ОБСЕ во Скопје.

## ОД ПРОЕКТНИТЕ АКТИВНОСТИ КОАЛИЦИЈАТА ПРОДОЛЖИ СО РЕАЛИЗИЦИЈА НА ВЕЌЕ ЗАПОЧНАТИТЕ ПРОЕКТИ

### Набљудување на судски предмети од областа на организираниот криминал и корупција според новиот закон за кривичната постапка

Коалицијата Сите за правично судење продолжи со набљудување на судски постапки од областа на организираниот криминал и корупција според новиот Закон за кривичната постапка во рамките на овој проект кој го реализира во партнерство и со финансиска поддршка на У.С. Стејт Департментот - Државното Биро за Меѓународни Наркотици и Одделението за Внатрешни Работи.

Целта на овој проект е оценка на независноста, ефикасноста и непристрасноста на македонското судство во борбата против организираниот криминал и корупцијата како и процената на соодветна имплементација на кривично – правните реформи со главен фокус на примената на новиот ЗКП.

### "Мониторинг на имплементацијата на меѓународни стандарди за правично судење во Основен суд Скопје I и Скопје II"

Активностите исто така продолжуваат и во рамките на проектот кој претставува дел во рамките на „Мрежа 23+", спроведуван од страна на Институтот за Европска политика – ЕПИ како носител на Проектот „Мрежа 23+" и партнерската организација Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија.

Главната цел на проектот „Мрежа 23+" е структуриран придонес за вградување на принципот на владеењето на правото во Република Македонија, содржан во Поглавјето 23. Дополнително, проектот ќе придонесе за унапредување на капацитетите на граѓанските организации за истражување и застапување базирано врз докази и аргументи во областите покриени со Поглавјето 23 – Правосудство и темелни права.

Проектот се спроведуваше на локално ниво, преку мониторинг на имплементација на стандардите за правично судење во рамки на работата на Основен суд Скопје I и Скопје II Скопје. Основната цел на проектот е во насока на зголемување на довербата на јавноста во правниот систем и судството, преку идентификување на проблемите во судскиот систем а истовремено и нагласување на потребата за правни и институционални реформи преку кои ќе се обезбеди поголемо почитување на стандардите за правично судење пред домашните судови како и запознавање на јавноста со стандардите за правично судење.

Завршниот настан во кој ќе се презентираат наодите од спроведениот мониторинг, како и финалниот продукт-анализа на состојбите е предвиден да биде одржан во почетокот на месец јули 2017г.

### Институционален грант од Цивика мобилитас

И оваа година продолжува поддршката од Цивика мобилитас. Проектот е на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU). Како програма за поддршка на граѓанското општество започна да се спроведува во октомври 2014та година и ќе трае до септември 2018та година.

Институционалниот развој се однесува на поддршката која граѓанското општество може да ја даде за развојот на Македонија. Организациското јакнење се однесува на јакнење на организациите во подобрување на нивниот севкупен успех во постигнувањето на нивната мисија, како и за зголемување на поширокото влијание на нивната работа. Во текот на програмата 48 здруженија и фондации од сите осум региони и од повеќе сектори ќе бидат институционално поддржани. Цивика мобилитас го поддржува граѓанското општество во промовирање општествени промени во (стратешки) области, како што се добро владеење, децентрализација и развој на граѓанското општество.

## НАСТАНИ (КОНФЕРЕНЦИИ, РАБОТИЛНИЦИ, СРЕДБИ)

### Работилница ТАКСО

На 18 и 19ти Мај во хотел Гарденија во Велес се одржа трета по ред работилница поддржана од проектот ТАКСО а која се однесува на градење капацитети на мрежи на која беа разработени темите кои што беа идентификувани како слабости на претходните две работилници:

1. Комуникациски стратегии и
2. Fundraising

На оваа работилница присуствуваа по еден претставник од членките на Коалицијата Сите за правично судење.



Годишна конференција на ОБСЕ



Учиме право во соработка со МОФ



Академијата за судии и јавни обвинители

### Годишна конференција на ОБСЕ

Претставници на Коалицијата и оваа година учествуваат на годишната конференција за мониторинг на судски постапки, овој пат организирана од партнерската организација-Мисијата на ОБСЕ во Скопје. http://www.osce.org/odihr/312636

### Соработка со членки на Коалицијата

На 19.06.2017г. во соработка со нашата членка Младински образовен форум в.д. Извршната директорка на Коалиција Сите за правично судење (Coalition All For Fair Trials) Натали Петровска одржа предавање за членовите на скопските Учиме право клубови, во просториите на ГЕМ клубот во Менада организирано од Младиснкиот образовен форум, на тема- правничката професија и нејзините предизвици.

### Консултативна средба –Влада на РМ

На 23.06.2017 в.д Извршната директорка присуствуваше на тематската консултација во врска со Итните реформски приоритети во Владата на Р.Македонија. На оваа дебата се разговараше за неопходните реформи во правосудството и временската рамка во која истите е неопходно да бидат спроведени. Ова беше прва, иницијална средба на иницијатива на Владата на РМ, а ќе биде дел од низата кои се предвидени во насока на инклузивност на невладиниот сектор во процесот на поттикнување на битни прашања во поглед на реформите кои претстојат, како и користење на советодавниот потенцијал на граѓанскиот сектор при креирање на акцискиот план.

### Соработката помеѓу Коалицијата и Академијата на судии и обвинители продложува и понатаму.

в.д Извршната директорка на Коалицијата сите за правично судење на 14.06.2017г, на слушателите на почетна обука на Академијата за судии и јавни обвинители, ја презентираше работата на Коалицијата во рамките на Мрежата 23+ заедно со Институтот за европска политика (ЕПИ), Хелсиншкиот Комитет во однос на мониторирање на судските постапки. На оваа работилница беа претставени методологијата на Коалицијата при вршење на мониторнг на судските постапки, презентирање на досегашните извештаи од набљудуваните постапки, идентификување на одредени специфични аспекти на судските постапки, како и посочување на најчестите проблеми и недоследности со кои се соочуваат набљудувачите при прибирање на податоците, се со цел унапредување и подобрување на судското и јавнообвинителското постапување.

## ГОСТУВАЊА ВО МЕДИУМИ

в.д Извршната директорка на Коалицијата гостуваше во емисијата „360 степени“ на Алсат ТВ, на тема- Условните казни за насилниците од Собранието.
https://www.youtube.com/watch?v=YSbvYUvy_Ww&feature=youtu.be&app=desktop

Дарко Аврамовски- правен советник и координатор од Коалицијата, беше гостин во емисијата на Телма телевизија - Топ тема на Ваша страна, во која на жешкото столче гостуваше вицепремиерката и министерка за одбрана Радмила Шекеринска. https://www.youtube.com/watch?v=4-QM4mx7xMg&app=desktop

в.д Извршната директорка на Коалицијата беше дел од прилог на Канал 5 на тема- Мандатот на Специјалното јавно обвинителство. http://www.kanal5.com.mk/vesti_detail.asp?ID=126454

в.д Извршната директорка на Коалицијата беше дел од прилог на ТВ 24 Вести на годишната конференција за мониторинг на судски постапки, организирана од Мисијата на ОБСЕ во Скопје. Повеќе за ова можете да погледнете на следниот линк: https://www.youtube.com/watch?v=mUqV_cS2f8A

Натали Петровска-в.д. Извршната директорка на Коалицијата, гостуваше во Топ тема на Ваша страна, на тема- Поднесените обвиненија на СЈО и одлуките на судот по предложените мерки:
https://www.youtube.com/watch?v=4JGdZzk52NA&t=2s

### Само Прашај

За потребите на онлајн платформата #СамоПрашај која овозможува директно вклучување во дискусија за прашања од јавен интерес, правните советници Елена Наковска и Дарко Аврамовски од Коалицијата, одговараа на прашања од граѓаните од областа на правосудството, судските постапки и правната проблематика која беше тема на разговор. Повеќе информации за ова има на следните линкови:
http://samoprasaj.mk/1prasaj/527-2017-06-21-09-01-03
http://samoprasaj.mk/1prasaj/528-2017-06-21-09-03-49
http://samoprasaj.mk/1prasaj/529-2017-06-21-09-05-55
http://samoprasaj.mk/1prasaj/466-2017-05-17-12-41-16
http://samoprasaj.mk/1prasaj/467-2017-05-17-12-42-50
http://samoprasaj.mk/1prasaj/468-2017-05-17-12-44-10

Во претстојниот период Коалицијата ќе продолжи со со своите активности и набљудување на судски постапки за што подетално можете да проверувате и да се информирате на веб адресата www.all4fairtrials.org.mk и http://otvorenosudstvo.org.mk/.
Исто така, на фејсубк страната на Коалиција Сите за правично судење (Coalition All For Fair Trials) можете да не следите за тековите активности и новости.

### Контактирајте не на:

**Коалиција на здружења на граѓани сите за правично судење**
ул. Македонија 11/2-10
1000 Скопје
Р. Македонија
+38926139874
contact@all4fairtrials.org.mk
www.all4faitrials.org.mk